ELECTORAL SUPPORT PROGRAMME
ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА НА ИЗБОРИТЕ
PROGRAMI PËR MBËSHTETJEN E ZGJEDHJEVE

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development
and Cooperation SDC

# РУРАЛНА ПЕРСПЕКТИВА НА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ 2025

## РОДОВИ, МЛАДИНСКИ И ЕКОЛОШКИ ПРИОРИТЕТИ ВО ФОКУСОТ

**Скопје, 2025 година**

Спроведено од: International Foundation for Electoral Systems

# Содржина

**1. Вовед** .... 2

**2. Застапеност на родови прашања и јакнење на жените во изборните програми на кандидатите за градоначалници во рурални општини** .... 4

- **2.1 Опфат на областа** .... 4
- **2.2 Општи наоди од анализата** .... 5
- **2.3 Осврт на суштински и посебно издвоени заложби и мерки** .... 5
- **2.4 Заклучоци и препораки** .... 6

**3. Застапеност на младински прашања и младинско учество во изборните програми на кандидатите за градоначалници во рурални општини** .... 7

- **3.1 Опфат на областа** .... 7
- **3.2 Општи наоди од анализата** .... 8
- **3.3 Осврт на суштински и посебно издвоени мерки и заложби** .... 9
- **3.4 Заклучоци и препораки** .... 15

**4. Застапеност на животната средина и руралниот развој во изборните програми на кандидатите за градоначалници на рурални општини** .... 16

- **4.1 Опфат на областа** .... 16
- **4.2 Општи наоди од анализата** .... 17
- **4.3 Осврт на суштински и посебно издвоени мерки и заложби** .... 18
- **4.4 Заклучоци и препораки** .... 26

**Прилог 1 – Преглед на кандидати за градоначалници во целните општини** .... 28

**Прилог 2 – Називи и кратенки на политичките субјекти** .... 31

Програмата за поддршка на изборите е проект на Владата на Швајцарија имплементиран од Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС). Содржината и мислењата во оваа публикација на никаков начин не може да се смета дека ги одразуваат ставовите на Владата на Швајцарија и на Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС).

# 1. Вовед

Во Република Северна Македонија во 2025 година се спроведоа локални избори. Локалните избори се реализираа во два круга при што првиот круг се спроведе на 19 октомври, а вториот круг на 2 ноември. Во текот на предизборната кампања за градоначалници и советници во 80 општини во земјата и Градот Скопје, граѓаните имаа можност да се запознаат поблиску со стратешките определби и целите на кандидатите за градоначалник, како и со приоритетите на кандидатите за советници од политичките партии и коалициите, и независните листи и опции. Оваа анализа ја разгледува понудата на политичките партии на локалните избори во 2025 г. наспроти детектираните потреби во избрани рурални општини во Република Северна Македонија.

Околу 70% од територијата на Република Северна Македонија може да се дефинира како рурална територија, при што во руралните области живее околу 41.24% од вкупното население во државата. Руралните области во Република Северна Македонија значително се разликуваат по социјалните, економските и демографските карактеристики. Бројни се предизвиците со кои се сочуваат руралните општни тргнувајќи од недоволно развиената инфраструктура, недостатокот на вода за пиење, немањето на канализациони системи, ограничен пристап до основно и средно образование, немање можности за инклузивно образовани и ограничени можности за развој на културата. Имено, согласно споведеното истражување „Животот во нашите села[1]„ една петтина од руралното население или 24,2% живее под стапката на ризик од сиромаштија во 2017 година, при што таа стапка сега се проценува и повисоко како резултат на пандемијата со КОВИД 19 и економските предизвици. Снабдувањето на населението со квалитетна вода останува предизвик за дел од руралните места. Имено 79% од вкупното население во државата се снабдува со вода преку јавните комунални претпријатија, но во дел од селата односно руралните подрачја, жителите немаат пристап до квалитетна вода за пиење. Податоците покажуваат дека само 17,7% од руралното население има јавна канализација, 8,9% немаат инсталација за отстранување на отпадни води. Исто така само 10% од жителите во селата или руралните подрачја се корисници на услуги за отпад при што севкупната состојба со управувањето со отпадот е неповолна заради недоволната инфраструктура и опрема за управување со отпадот. Голем дел од руралните средини немаат канализациски систем и во 21ви век се користат септички јами и постои неконтролирано испуштање на отпадни води. Пристапот до патна инфраструктура е отежнат во помалите и понеразвиени села, при што руралните средини се соочуваат и со ограничен пристап до транспорт поради тешка достапност на услугите за транспорт. Во руралните средини се намалува бројот на здравствени амбуланти од примарна заштита, а аптеки и стоматолошки амбуланти се наоѓаат само во поголемите општини. Културни инситуции речиси и да нема, а еден дел од населението немаат ни пристап до спортски објекти или игралишта. Иако постојат државни и донаторски програми кои поддржуваат локален развој, земјоделство и рурален туризам, тие често се фрагментирани и недоволни за системски да ја променат сликата. Поради недостиг на работни места и перспективи, голем дел од младите се иселуваат кон Скопје или во странство, што дополнително ја намалува атрактивноста на руралните средини за живеење. Сепак, овие општини имаат

[1] „Животот во нашите села – предизвици и можности„Здружение за рурален развој Локална Акциона Група АГРО ЛИДЕР Кривогаштани, автор: Марина Тошеска

значителен потенцијал – почиста животна средина, пониски трошоци за живеење, можности за одржливо земјоделство и еко-туризам – кој би можел да стане реално привлечен доколку се обезбедат поконзистентни инвестиции, подобра инфраструктура и модерни локални услуги.

Во фокусот на анализата се три клучни области кои традиционално се маргинализирани во програмите на политичките партии и релативно ретко присутни во понудата на ниво на рурални општини и тоа:

1. Родови прашања и јакнење на жените
2. Вклучување на младите
3. Заштита на животна средина и рурален развој

Освен важноста на овие прашања во руралните средини , изборот на овие тематски приоритети беше мотивиран и од потребата да се сврти вниманието на политичарите кон прашањата кои традиционално добиваат површен третман во изборните програми. Овие прашања се дотолку порелевантни бидејќи младото население засилено се иселува од руралните места, на селата им се заканува изумирање и напуштање, додека можностите за жените во руралните средини се особено тешки и неповолни. Родовите прашања и вклученоста на младите не секогаш добиваат посебен фокус, па затоа оваа анализа ќе опфати и меѓусекторски мерки доколку истите се однесуваат на жени и млади. Во оваа анализа исто така од особена важност беше да се согледа пристапот на кандидатите кон прашањата од областа на животната средина и руралниот развој како области за кои, особено во руралните општини, очекувано е да се предложат фокусирани мерки за развој и унапредување. Заедничка констатација за сите анализирани изборни програми, е дека тие не опфаќаат податоци за финансиските рамки за реализација на програмите заради што анализата не може да се фокусира и на овој дел. Само во мал дел програми може да се сретнат претпоставени извори на финансирање за некои проекти.

Согласно податоците во Република Северна Македонија има 1758 рурални подрачја[2], а согласно картата на општини има вкупно 38 рурални општини[3], при што од вкупниот број на рурални општини беа избрани 10 поголеми општини од различните изборни единици. Поконкретно анализата ги опфати општините Сарај, Студеничани, Липково, Чешиново-Облешево, Новаци, Василево, Центар Жупа, Долнени, Врапчиште и Теарце. Детален преглед на општините по изборни единици во кои се фокусираше анализата е даден во прилог 1 заедно со вкупниот број на кандидати за градоначалници и политичките опции кои ги претставуваат (политички партии, коалиции или независни кандидати). Вкупно 34 кандидати за градоначалници учествуваа во локалните избори во овие 10 општини при што во текот на предизборната кампања една кандидатура од независен кандидат за градоначалник на Општина Сарај беше повлечена.

На овие локални избори пристапноста до пишани изборни програми и материјали се разликуваше помеѓу кандидатите. Кандидатите користеа различни начини да ги соопштат

[2] Листа на рурални подрачја во достапно на: https://ipard.gov.mk/wp-content/uploads/2016/10/%D0%9F%D0%A0%D0%98%D0%9B%D0%9E%D0%93-1-%D0%9B%D0%98%D0%A1%D0%A2%D0%90-%D0%9D%D0%90-%D0%A0%D0%A3%D0%A0%D0%90%D0%9B%D0%9D%D0%98-%D0%9F%D0%9E%D0%94%D0%A0%D0%90%D0%A7%D0%88%D0%90.pdf

[3] Карта на општини во Република Северна Македонија достапна на: https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%9F%D0%BE%D0%B4%D0%B0%D1%82%D0%BE%D1%82%D0%B5%D0%BA%D0%B0:%D0%9A%D0%B0%D1%80%D1%82%D0%B0_%D0%BD%D0%B0_%D1%83%D1%80%D0%B1%D0%B0%D0%BD%D0%B8_%D0%B8_%D1%80%D1%83%D1%80%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B8_%D0%BE%D0%BF%D1%88%D1%82%D0%B8%D0%BD%D0%B8_%D0%B2%D0%BE_%D0%9C%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0_(2013).svg

изборните ветувања тргнувајќи од пишани програми, преглед на изборни ветувања на социјалните мрежи, видеа со извадоци од изборните програми, флаери и промотивни видеа без посебен опфат на изборни ветувања и програмски определби. Програмите и останатите материјали беа обезбедени преку канцелариско истражување, директни контакти со дел од партиите кои учествуваа на изборите и следење на социјалните медиуми, при што како најцелисходен метод за соопштување на изборните ветувања беше оној каде изборните програми беа јавно објавени на едно место. Во рамки на оваа анализа вклучени се вкупно 24 изборни програми и материјали (видеа, изјави на социјални мрежи, интервјуа и постови) кои беа достапни . Дел од кандидатите немаа односно не споделија програма или било каков друг пишан материјал за потребите на оваа анализа.

# 2. Застапеност на родови прашања и јакнење на жените во изборните програми на кандидатите за градоначалници во рурални општини

## 2.1 Опфат на областа

Областа родови прашања и јакнење на жените во оваа анализа ги опфаќа сите цели и мерки кои специфично се однесуваат на жените како група, но исто така се однесува и на мерки од различни области преку кои се дава посебен третман на жените (како што се на пример некои економски или социјални мерки). Проблемите со кои се соочуваат жените во Македонија своите корени ги влечат во традиционалните концепти и традиционалното разбирање на улогата на жената во семејството и пошироко во општеството. Ова е особено истакнато во руралните места, каде доминира перцепцијата за жената како домаќинка која треба да се грижи за домот, за децата, за старите лица и да работи во земјоделството. При тоа во тие средини воопшто не се размислува за нејзината еднаквост со мажот и нејзината економска независност. Имено, за жал мал број жени во руралните места се сопственици на земјоделски имоти, не добиваат никаква надохнада за домашната работа, ниту пак за грижата околу децата и старите лица. Пристапот на жените до социјални и здравствени услуги е отежнат. Тука спаѓаат на пример здравствените гинеколошки услуги кои во еден дел треба да бидат бесплатни за жените и пред се достапни. Овие услуги се ограничени особено во руралните средини бидејќи нема доволно здравствени установи и амбуланти кои ќе одговорат на здравствените потреби на жените. Родовата еднаквост е предизвик во селата и руралните подрачја, а податоците покажуваат дека се повеќе се продлабочува јазот за пристап до ресурси како и пристап до можности и поддршка за социо-економско јакнење на мажите и жените во руралните средини. Како што се е кажано за состојбата на жените во руралните области: „Учеството на жените во донесување на одлуки во семејството, но и нивното учество во креирањето на политики и донесување на одлуки на локално ниво е многу ниско, а мал дел од руралните општини во своите локални политики креираат родово специфични програми и мерки кои би овозможиле задоволување на потребите на жените и подобрување на квалитетот на живот. Од вкупниот број на жени кои живеат во селата дури 58% немаат лични примања, што е двојно повеќе од машкото население во селата. Дури и кога работниот труд на жената е платен, тие заработуваат само 33% од она што го заработуваат мажите во истиот сектор.„[4] Согласно Законот за еднакви можности на

[4] Ibid референца 1

мажите и жените[5] единиците на локалната самоуправа имаат обврска да формираат Комисија за еднакви можности како постојано тело и да назначат Координатор/ки и Заменик координатор/ки за еднакви можности. Овие тела и позиции се воспоставени во сите општини, но сепак не секаде се направени соодветни распределби околу задачите и улогата на овие комисии и на координаторите за еднакви можности[6]. Тргнувајќи од ваквата структурна поставеност, реално е да се очекуваат и поконретни мерки во оваа област.

## 2.2 Општи наоди од анализата

Генералниот наод од спроведената анализа на сите обезбедени програми покажува дека **родовите прашања и зајакнувањето на жените се многу скромно застапени** во изборните програми на кандидатите за градоначалници. Додека во некои од изборните програми на претходните Парламентарни избори во 2024 година[7], родовите прашања и јакнењето на жените беа третирани како посебен тематски приоритет, и тоа даваше надеж дека таквиот тренд партиите ќе го пресликаат и во изборните програми за локалните избори, сепак наодот од анализата за овие 10 рурални општини е разочарувачки. **Најголем дел (21 од вкупно 24)** од анализираните програми, изјави, интервјуа и сл. **не даваат никаков стратешки пристап и третман** на родовите прашања и јакнењето на жените. Она што може да се сретне во поголем дел од програмите се **ветувања за изградба на детски градинки** како посредна мерка која би влијаела на активирање на жените на пазарот на трудот и нивно вработување. Исто така во некои програми се среќаваат **ветувања за детски додаток за новороденче, трето дете и сл**. кои директно ја засегаат жената, но не го потпомагаат нејзино зајакнување и нејзиното директно учество во пазарот на трудот и во процесите на донесување одлуки. Во мал дел програми споменати се исто така и **заложби за обезбедување поддршка на жените во грижата за старите лица и децата со посебни потреби** преку поддршка и/или основање на центри за грижа на стари лица.

## 2.3 Осврт на суштински и посебно издвоени заложби и мерки

**Во шест од анализираните изборни програми** родовите прашања се посебно третирани и можат да се забележат **посуштински мерки** кои се објаснети во продолжение:

- Во изборната програма на **кандидатот за градоначалник на Општина Долнени од Национална Алијанса за Интеграција (НАИ), Флјамур Ѓолека** вклучена е **Програма за жени.** Во рамките на програмата предвидени се мерки во рамки на четири области и и тоа:
  - **Економско зајакнување** каде се предвидува

> ***„Визија:***
> *Жените се темел на семејството, општеството и развојот на општината. Нашиот мандат со Флјамур Ѓолека ќе биде мандат за зајакнување на жените, еднаквост и еднакви можности„.*
> ***Извдок од програмата на кандидатот за градоначалник на Општина Долнени, Флјамур Ѓолека***

---

[5] Закон за еднакви можности на мажите и жените, Службен весник на Република Македонија бр. 6/2012; Закон за изменување и дополнување на Законот за еднакви можности на жените и мажите, Службен Весник на Република Македонија” бр. 166/2014 xxxx/2015; xxx/2021; xxx/2025; пречистен текст достапен на: https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/zakoni/2017/precisten%20tekst%202015%20na%20ZEM_nov.pdf

[6] Мониторинг на примената на законот за еднакви можности на жените и мажите во рамките на локалната самоуправа, Акција Здруженска, достапно на: https://zdruzenska.org.mk/wp-content/uploads/2010/01/Monitoringot-na-primenata-na-Zakonot-za-ednakvi-mozhnosti-na-zhenite-i-mazhite-vo-ramkite-na-lokalnata-samouprava-vo-Republika-Makedonija.pdf

[7] Анализа „Парламентарни и претседатели избори 20204„ Меѓународна фондација за изборни системи

поддршка за мали бизниси и занаети предводени од жени, формирање на Општински фонд за жени претприемачи и стручни обуки за вештини во земјоделство, рурален туризам и локални услуги.

- **Активно учество во донесувањето одлуки** каде се предвидува вклучување на жените во селските совети и во општината при донесување на одлуки, како и формирање на посебен Совет за жени.
- **Социјална и семејна благосостојба** каде се предвидуваат проекти за вработување на невработени жени и самохрани мајки, поддршка во грижа за стари лица и деца преку општинските дневни центри, како и кампања за превенција и заштита на женското здравје.
- **Образование и активирање на жените и младите** каде се предвидуваат курсеви за млади девојки по технологија странски јазици и лидерство, како и промовирање на примери на успешни жени.

- Во изборната програма на **кандидатот за градоначалник на Општина Новаци од Коалицијата Твоја Македонија предводена од ВМРО - Демократска Партија за Македонско Национално Единство ( ВМРО-ДПМНЕ), Стевче Стевановски,** во рамки на тематската област Економски силна општина за подобар живот на сите граѓани, предвиден е **посебен проект „Жени во бизнисот„** каде што е планирано општината да обезбеди **поддршка за женско претприемништво** преку обуки, грантови и олеснет пристап до кредити за мали семејни фирми и домашни бизниси. Исто така, предвидено е да се организираат специјални програми за поврзување на жените со поголеми компании и пазари.
- Во изборната програма на **кандидатот за градоначалник на Општина Чешиново – Облешево од Коалицијата за локални избори 2025 година предводена од Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ), Горанчо Крстев**, жените се спомнати како посебна целна група во визијата на програмата со заложба за **поголема застапеност на руралната жена во сите сегменти на општетвото**. Дополнително, има посебно обраќање во програмата кон целната група жени во кое се наведува дека „жените може да зајакнат економски преку работилници за ракотворби, органска храна и традиционални производи со пласман на локални пазари. Нивната улога во заедницата може да се унапреди преку женски форум, а здравствената заштита преку едукативни кампањи и мобилни амбуланти„.
- Во изборната програма на **кандидатот за градоначалник на Општина Центар Жупа од Партија за движење на Турците во Македонија, Инает Баки,** предвидена е конкретна мерка **грант од 10.000 еур** за претприемништво за жени.
- Во изборната програма на **кандидатот за градоначалник на Општина Теарце од НАИ, Назим Таипи**, предвидена е **Поддршка за жени и млади претприемачи преку** обука, менторство и посебни фондови за нив.

## 2.4 Заклучоци и препораки

Како што накратко беше споменато во општиот наод од анализата на изборните програми на кандидатите за градоначалници во десетте рурални општини предмет на анализата, родовите прашања и зајакнувањето на жените се мошне површно третирани. Програмите не нудат суштински мерки со кои би се подобрила родовата еднаквост и би се зајакнало учеството на жените во општествените и социо-економските процеси. Изборните ветувања остануваат ограничени на посредни мерки, со многу мал дел директни заложби и мерки од областа на економско јакнење, вклученост во донесување одлуки, социјални прашања и образование. И

покрај постоењето на активи и унии на жени во рамки на политичките шартии , нивниот удел во претставување и застапување на потребите на жените, а особено на руралните жени, при изработката на изборните програми е невидлив или минимален. Положбата на руралната жена во општините кои ги анализиравме е генерално тешка, со ограничени можности за подршка, развој и напредок. Дополнително, може да се каже дека во руралните средини положбата на жената е обременета и со традиционални сфаќања за улогата на жената во домот, а вака ограничената понуда на родови политики и мерки уште повеќе ги отежнува состојбите.

Со цел да се помогне во третманот на родовите прашања и јакнење на положбата на жените на локално ниво, а посебно во руралните општини, се препорачува политичките опции кои кандидираат свои претставници на локалните избори, како и победничките кандидати да спроведуваат:

- Анализа на законодавството и националните политики за родови прашања како што е Стратегијата за родова еднаквост 2022 – 2027, со цел да понудат заложби и мерки за поврзување на изборните и општинските програми со овие политики за да се исполнат обврските кои ги имаат општините во областа родови прашања, но и да се унапреди положбата на жената на локално ниво.
- Консултации преку институционалните локални механизми за родова еднаквост како што се Комисиите за еднакви можности и Координаторите/ките за еднакви можности во општините за да се дискутираат и селектираат мерки кои ќе бидат вклучувани во изборните и општинските програми.
- Консултации со граѓански здруженија кои работат со жени и родови прашања во руралните општини како и директно со жените за да се идентификуваат вистинските потреби и да се интегрираат соодветно во изборните и општинските програми.
- Рефлексија и осврт на потребите на специфични групи рурални жени како што се млади жени, жени Ромки, жени со низок степен на образование, возрасни жени итн. за да се креираат афирмативни мерки прилагодени на овие групи.

# 3. Застапеност на младински прашања и младинско учество во изборните програми на кандидатите за градоначалници во рурални општини

## 3.1 Опфат на областа

Според Законот за младинско учество и младински политики, член 3[8], возрасната група млади ги опфаќа сите лица на возраст од 15 до 29 години. Терминот младински политики пак опфаќа различни политики, програми, услуги и/или активности кои се насочени кон младите со цел реализација на нивниот севкупен потенцијал. Младинското учество пак според истиот закон претставува процес кој им овозможува на младите учество и заедничко носење на одлуки за политики и програми кои директно или индиректно го обликуваат животот на младите. Во контекст на оваа анализа беа анализирани сите заложби, мерки и активности кои беа вклучени

[8] Закон за младинско учество и младински политики, Службен весник на СРМ бр.10/2020

непосредно во областа млади во рамките на изборните програми или пак претставуваа секторски мерки кои се однесуваат на младите.

Во контекст на локалните избори важно е да се обрне внимание на механизмите за претставувањето на младите луѓе на локално ниво, при што согласно Законот за младинско учество и младински политики се предвидува формирање Локални младински совети во рамки на општините како младинско советодавно тело. Иако законски е утврдено, оваа одредба не се имплементира доследно насекаде низ земјата. Согласно спроведениот мониторинг на имплементацијата на Законот за младинско учество и младински политики за 2024 година од вкупно 81 општина вакви совети се воспоставени во 28 општини или 34% од сите општини, а во 7 општини процесот е во тек[9]. За руралните општини воспоставувањето на локални младински совети е посебен предизвик заради неможност да се исполнат критериумите за постоење на локални ученички, студентски или младински организации на територијата на општината. Понатаму, според истиот закон се предвидува формирање на младински центри на локално ниво како обврска на општините, при што во моментов, согласно споменатиот мониторинг, вакви центри има во 14 општини. Во однос на назначувањето на службеници за млади, 56 општини назначиле службеник за млади.

Проблемите на младите во рурални места, слично како и кај жените, се директно зависни од поставените економски, инфраструктурни и развојни можности. Најчесто проблемите на младите се „поврзани со  ограниченоста на современа културна понуда (отсуство на театар, кино), лимитираните можности за спорт и рекреација, немањето воншколска едукација и образование, лошата јавна инфраструктура и јавен транспорт, начинот на кој јавниот сектор управува со јавниот отпад, доминантното присуство на локален менталитет и предрасудите кои произлегуваат од него, недоволно развиената економија, ниските приходи и егзистенцијалните предизвици„[10]. Младите во руралните средини имаат ограничени информации и не се доволно вклучени во развојните иницијативи на нивните локални самоуправи кои се поврзани со животот на младите. Тие исто така сметаат дека каналите на комуникација со јавните институции, пред се локалната самоуправа, треба да се двонасочни, да се подобрат и да станат поефикасни. Дополнително на ваквите ставови се надоврзуваат и анализите од граѓанските организации кои имаат свои активности и во руралните средини, при што тие сметаат дека приоритет е да се реализира и спроведува Законот за младинско учество и младински политики, како и да с еподобри транспарентноста и отчетноста на општините и вклучноста на младите во обикувањето на локалните младински политики.

## 3.2 Општи наоди од анализата

Генералниот наод од спроведената анализа на сите изборни програми кои беа обезбедени покажува дека речиси и да нема програма во која не се вклучени активности поврзани со младите или специфични младински прашања. Третманот е различен при што во **во 16 од вкупно 24 анализирани програми** вклучена е **посебна област или тематски приоритет млади** (со опфат сличен на оној како што е објаснето во делот 3.1 од оваа анализа), додека во еден помал број програми се предвидуваат мерки за млади во рамки на тематските области. Продолжува трендот на **спомнување на младите како целна група во рамки на воведните**

[9] Мониторинг извештај за имплементација на Законот за младинско учество и младински политики за 2023 г. Национален младински совет, 2024г. достапно на: https://www.nms.org.mk/wp-content/uploads/2025/08/NMSM-Monitoring-Izvestaj_MK_02_kor.pdf

[10] Анализа на специфични младински потреби и проблеми во рурална Пелагонија, Здружение на граѓани за унапредување на развојните процеси Про Локал Битола

**обраќања и визиите** застапени во изборните програми, но не сите програми кои ги спомнале младите на ниво на заложба или како целна група понатаму обработуваат конкретни мерки за нив. Карактеристично е дека **заедничка декларативна цел на сите кандидати е да им овозможат на младите луѓе во општините својата иднина да ја гледаат тука во земјата и во својата општина** и во таа насока ги објаснуваат предложените мерки за млади. Сепак, досегашните искуства и од други циклуси на локални избори, па и од парламентарни избори[11] покажуваат дека **мерките се генерално многу слични** од циклус до циклус, при што мошне тешко е да се направи директно поврзување и да се утврди дали некои мерки за млади имаат директно влијание и какви ефекти даваат **во смисла на намалување на отселувањето на младите луѓе**.

Иако политичките опции во овие локални избори ги препознаваат младите и нивните специфични потреби, треба да се истакне дека сеуште во некои програми **под сегментот млади генерално се застапени активности од областа на спортот и културата** како што се изградба на спортски центри, спортски сали, спортски игралишта, изградба на домови на култура, изградба и реновирање на училишта, поддршка на културни младински манифестации и културно-уметнички друштва во кои членуваат младите. Ваквиот пристап, кој ја сведува младинската политика главно на спортски и културни активности, иако потребен, не е целосно соодветен затоа што не ги адресира суштинските и комплексни потреби на младите. Инвестициите во инфраструктура се важни, но сами по себе не обезбедуваат подобрени можности за вработување, квалитетно образование, учество во одлучувањето, поддршка за ментално здравје или пристап до современи услуги што младите ги идентификуваат како приоритетни. Ова резултира со недоволно ефективни политики кои не придонесуваат за задржување на младите во заедницата, ниту пак за нивно долгорочно развојно вклучување.

Помеѓу мерките застапени во различните тематски области најчесто се наоѓаат:

- **мерки за економско јакнење на младите, развој на нивниот претприемачки потенцијал** (бизнис хабови и инкубатори, поддршка на младински бизниси, поддршка на работни места за млади)
- **мерки од образование** (стипендирање на ученици и студенти, наградни фондови за најдобри ученици и студенти или пак за талентирани млади, поддршка преку обезбедување наставни материјали, бесплатен превоз за ученици, инфраструктрни инвестиции како што се изградба и реновирање на училишта за подобри услови за образование на децата и младите)
- **социјална поддршка** (субвенции за возачки дозволи, поддршка за млади брачни парови преку мерки за домување и финансиска поддршка на новороденчиња).

## 3.3 Осврт на суштински и посебно издвоени мерки и заложби

**Во 16 од анализираните изборни програми** младинските прашања и младинското учество се посебно третирани при што во некои од нив можат да се забележат и **посуштински мерки** кои се објаснети во продолжение:

**<u>Општина Сарај</u>**

[11] Анализа „Претседателски и парламентари избори 2024„, Меѓународна фондација за изборни системи: https://electoralsupportprogramme.mk/wp-content/uploads/2024/10/youth-mkd-1-1.pdf

- Во изборната програма на **кандидатот за градоначалник на Општина Сарај, Мухамед Елмази од Коалицијата Вреди**, како една од седумте причини зошто да се гласа за овој кандидат наведено е *„Основање на Младински и културен центар во Сарај. Модерен простор за млади, култура, неформално образование и активности кои ја оживуваат општината„*(извадок од програмата). Исто така во интервјуто дадено за еден медиум кандидатот наведува дека *„за младите веќе се реализирани средби со иновациски компании и изготвени се јасни програми за субвенционирање на различни активности„.*

**<u>Општина Липково</u>**

- Во изборната програма на **кандидатот за градоначалник на Општина Липково, Еркан Арифи од НАИ,** младите се издвоени како посебен приоритет, а како суштинска мерка за млади предвидено е *Формирање на Локален совет на млади.* Во рамки на оваа програма превидени се исто така и мошне конкретни мерки во рамки на другите тематски области, а кои ги засегаат младите, како што се: *стипендии за студентите (и тоа за студентите со просек над 8,00, студентите кои студираат на дефицитарни факултети и студентите од семејства со тешка социјална состојба) и финансиска поддршка за средношколците и учениците од основните училишта кои освојуваат први места на општински, регионални и републички натпревари.*

**<u>Чешиново-Облешево</u>**

- Во изборната програма на **кандидатот за градоначалник Горанчо Крстев од Коалицијата за локални избори 2025 предводена од СДСМ**, застапена е **посебна област Младите во фокусот – Нова парадигма за здрав и одржлив развој** во која се наведени пред се заложби за поддршка на младите**.** Во рамките на визијата стои: *„Општина која ќе биде модерна, зелена и отворена за граѓаните, место во кое младите ќе сакаат да останат да живеат достоинствен живот„.* Програмата вклучува заложби и мерки за младите на повеќе места. Така во продолжение на визијата се истакнува дека *„младите се најважниот ресурс што го имаме„*, но нема решенија туку само заложба за давање поддршка и шанса за младите. Понатаму во сегментот Иселување се нудат решенија со цел да се намали иселувањето на младите како што се:
  - гарантирање на социјалната сигурност,
  - функционалното здравство,
  - квалитетното образование,
  - интересни содржина за младите, и
  - парцели на продажба за индивидуално и колективно домување наменети за млади брачни парови

> ***Младите во фокусот – Нова парадигма за здрав и одржлив***
> ***Развој***
> *• Градиме здрави и демократски свесни индивидуи*
> *• Да бидеме поле за здрав и одржлив развој наместо расадник за светот*
> *•Младите се нашата иднина и надеж – лесно достапно домување*
>
> ***Извадок од програмата на кандидатот за градоначалник Горанчо Крстев***

Во рамки на програмата има посебно обраќање кон целната група млади во кое се вели: *„Младите треба да добијат можност за дополнителна едукација преку бесплатни курсеви и дигитална поддршка, како и вклучување во спортски турнири, летни кампови и културни настани. Општината може да поттикне и младинско земјоделство со обуки за современо производство и практики во локални компании„* (извадок од програмата).

- Во изборната програма на **кандидатот за градоначалник Јорданче Костадинов од Коалицијата Твоја Македонија предводена од ВМРО-ДПМНЕ,** има посебна област **Инвестираме во образованието и во младите во нашата општина**, но мерките кои се вклучени се мерки од областа образование како што е изградба/реконструкција на училишта и спортски терени, стипендии за талентирани ученици и ученици кои освоиле награди на натпревари, но и социјални мерки за стипендирање на ученици од ранливи категории и вклучување на овие ученици во викенд патувања.

**<u>Општина Новаци</u>**

- Во изборната програма на **кандидатот за градоначалник Љубе Кузмановски од Коалицијата за локални избори 2025 предводена од СДСМ**, во воведното обраќање стои: *„Мој приоритет ќе биде градење ефикасен систем во кој ќе бидат интегрирани младите лица од нашата општина преку создавање услови и директна вклученост со цел максимално искористување на нивниот креативен и иновациски потенцијал„* (извадок од програмата). Понатаму и кај овој кандидат има вклучено посебен дел **Младите во фокусот – нова парадигма** во кој има повеќе мерки меѓу кои и суштински мерки за млади како што е **формирање на Локален младински совет,** меѓутоа и мерки кои припаѓаат во други тематски приоритети како што се образование и социјални прашања.

> ***Мерките вклучуваат***: *Субвенции за полагање возачки испит до 26 години, Формирање хаб за млади, Грантови за младински проекти, Бесплатни обуки за дигитални вештини и маркетинг, Финансиска помош за деца без родителска грижа, Здрав и квалитетен оброк за секој ученик, Ученички униформи за сите ученици, Награди за ученици на генерацијата, Бесплатен оброк, превоз и прибор за ученици со попреченост, Бесплатни часови за ранливи категории, Дигитализација на Младинскиот културен центар, Изградба на отворен базен и бесплатни часови по пливање, Програми за вработување и практиканство, Поддршка за културни и научни проекти, Финансиска помош за млади лица со попреченост и Организирање велосипедска тура.*
>
> ***Извадок од програмата на кандидатот за градоначалник Љубе Кузмановски***

- Во изборната програма на **кандидатот за градоначалник Стевче Стевановски од Коалицијата Твоја Македонија предводена од ВМРО-ДПМНЕ** иако нема посебна област за младите има неколку **посебни младински проекти** во различните области кои се конкретни и детално објаснети.

Младински проекти се вклучени во делот за економски развој како што е **проектот Бизнис инкубатор „Мој Бизнис, Моја Општина„** каде во простор обезбеден од општината би функционирал инкубатор како „едношалтерски систем" каде што секој претприемач може да добие ментор, деловни контакти и пристап до инвеститори. Во областа земјоделство предвиден е **проект „Млади во земјоделството„** како програми и поддршка за млади земјоделци со цел да се охрабри нивното останување и вложување во руралните средини. Во сегментот образование предвиден е проект **„Центар за знаење и практични вештини„** како *„мултифункционален центар кој ќе ги поврзува средните училишта, факултетите и локалните компании. Центарот ќе нуди практични обуки за најбараните занимања (ИТ, дигитален маркетинг, електротехника, земјоделски технологии), како и програми за преквалификација на невработени. Дел од просторот ќе биде наменет за coworking и стартапи„.* Понатаму предвиден е проект **„DIGITAL HUB – општина на иднината"** како дигитален центар во кој ќе се собираат стартапи и ученици/студенти кои работат на дигитални решенија. Центарот ќе обезбеди coworking простор, брз интернет, ментори и пристап до фондови. Во рамките пак на проектот **„Креативен младински центар"** планирана е поддршка на веќе отворениот младински центар каде *„младите ќе имаат можности за уметнички израз – простор за музички бендови, танцови студија, фотографија, дигитална уметност и видео продукција. Центарот ќе биде поддржан од општината, но воден од младите преку младински совети"* (извадок од програмата). И кај овој кандидат превидени се **субвенции за возачка дозвола за млади до 26 години**. Дополнително, во областа образование се предвидуваат стипендии за ученици и студенти, стипендии за ученици од социјално загрозени категории, формирање на посебен фонд за стипендии, како и бројни проекти за реконструкција на училиштата и воведување на психосоцијално советување за учениците во училиштата.

> *Во Приоритетни проекти како проект за млади предвиден* ***е Фонд за млади и иновации („Млади со идеи")*** *кој би го формирала општината со цел да дава грантови и менторска поддршка за млади претприемачи, ученици и студенти кои имаат иновативни деловни идеи. „Секој апликант ќе може да добие финансиска поддршка за стартап бизнис, а дополнително ќе бидат организирани обуки за водење сметководство, маркетинг и дигитална продажба. Фондот ќе работи во партнерство со стопанските комори, локалните банки и невладини организации".*
>
> ***Извадок од изборната програма на кандидатот Стевче Стевановски***

**<u>Општина Василево</u>**

- Во изборната програма на **кандидатот за градоначалник Ванчо Новоселски од Коалицијата за локални избори 2025 предводена од СДСМ**, во воведното обраќање се спомнуваат младите и нивна поддршка со цел **дообразување согласно потребите на бизнисот**. Понатаму, во Визијата кандидатот наведува дека за младите е битно да им се помогне да **добијат обука, да има нови инвестиции во спортот и културата, како и да се обезбеди поддршка за младите кои се занимаваат со земјоделство.** Слично како и кај другите кандидати од оваа политичка опција предвидена е посебна **област Младите во фокусот** во која се поместени неколку проекти од кои некои припаѓаат во други тематски приоритети. Вклучените проекти се: *„Воведување на „Гаранција за млади" –*

*пристап до работа, обука или пракса, Формирање младински социјални центри за менторство и личен развој, Креирање на Фонд за млади иновации, Организирање летни програми за волонтирање и локален активизам и Дигитална платформа „е-млади„* (извадок од програмата).

- Во изборната програма на **кандидатот за градоначалник Славе Андонов од Коалицијата Твоја Македонија предводена од ВМРО ДПМНЕ**, вклучена е **област Инвестираме во младите и во образованието во нашата општина,** слично како и кај други кандидати од партијата, меѓутоа областа опфаќа пред се проекти за изградба и реконструкција на училишта и училишни дворови, додека во социјалните мерки предвидено е субвенционирање на ученици. Интересно е дека оваа програма вклучува и **предлози од граѓаните** во кои е даден предлог за изградба на **мултифункционален центар** во населеното место Доброшинци кој треба да служи и за забава на младите.

**Општина Центар Жупа**

- Во изборната програма на **кандидатот Инает Баки од Партија за движење на Турците во Македонија,** во воведното обраќање дадена е заложба за поддршка на младите луѓе преку мерки во образованието и социјална поддршка. Како конкретна мерка се предвидува **грантови до 10.000 еур за претприемништво** на младите и **формирање на младински совет.**

**Општина Долнени**

- Во изборната програма на **кандидатот за градоначалник Исуф Синани од Коалицијата за локални избори 2025 предводена од СДСМ**, во визијата е вклучено обраќање кон младите. Слично како и кај другите кандидати од оваа политичка опција предвиден е посебен дел **Младите во фокусот** – Нова парадигма за здрав и одржлив развој во која се вклучени повеќе проекти од областа на образование, социјална поддршка, спорт и сл. но исто така и суштински младински мерки како што се: *„Основање на Младински центар во Долнени, Изработка на локална стратегија за млади со Локалниот младински совет, Активно учество на младите во Советот на Општината, Годишни младински работилници за иницијативи“*(извадок од програмата).

> *„Младите се клучен фактор за функционирањето на Долнени. Нивната енергија, креативност и потенцијал мора да се препознаат и да се поддржат. Затоа ќе работиме на отворање нови можности за образование, вработување, спорт и култура, за да создадеме услови младите да останат и да се развиваат во своето родно место.“*
>
> ***Извадок од програмата на кандидатот за градоначалник Исуф Синани***

- Во изборната програма на **кандидатот за градоначалник Фљамур Ѓолека од НАИ,** предвидена е програма за млади. Во рамки на програмата вклучени се 4 точки со специфични активности и тоа:
  - **Вработување и младинско претприемништво**: Создавање на Младински центар за иновации и вработување, каде што младите ќе добијат практична обука и поддршка за бизнис идеи; Субвенции и помош за нови бизниси основани од млади луѓе;

- **Стручно образование и обука:** Соработка со стручни училишта и компании за пракса на работно место; Бесплатни курсеви за технологија, модерно земјоделство и странски јазици.
- **Култура и спорт:** Инвестирање во спортски терени, клубови и локални културни активности; Организирање на Општински младински фестивал - секоја година за уметност, музика и спорт.
- **Учество и застапеност на младите:** Формирање на младински совет на општината, кој ќе има глас во секоја одлука; Поддршка за проекти иницирани од млади луѓе, со средства од општинскиот буџет.

> *Цел: Младите се енергијата и иднината на нашата заедница. За време на мојот мандат, ќе создадеме услови тие да останат, да работат и да се развиваат тука.*
> *Извадок од програмата на кандидатот за градоначалник Флјамур Ѓолека*

- Во изборната програма на **кандидатот за градоначалник Сашко Велјаноски од Коалицијата Твоја Македонија предводена од ВМРО-ДПМНЕ**, слично како и кај другите кандидати од оваа политичка опција **има посебен дел Инвестираме во образованието и во младите во нашата општина,** но во тој дел нема суштински меки за млади туку повеќе се вклучени мерки за реконструкција на училишта, стипендирање на ученици и студенти и субвенции за возачки дозволи.

**<u>Општина Врапчиште</u>**

- Во изборната програма на **кандидатот за градоначалник Исен Шабани од НАИ**, предвидена е посебна **точка за поддршка на младите** во која се вели дека општината ќе се посвети на *„изградба на објекти и рекреативни центри за млади, создавање институции за организирање на културни и уметнички настани каде што улогата на младите би била доминантна, создавање услови за унапредување на спортот во рамките на Општина Врапчиште итн.„*(извадок од програмата)
- Во изборната програма на **кандидатот за градоначалник Мехмет Сефери од Коалицијата Вреди,** накратко се спомува аплицирање на **современи програми за младите, студентите и учениците.**

**<u>Општина Теарце</u>**

- Во изборната програма на **кандидатот за градоначалник Назим Таипи од НАИ**, вклучени се конкретни младински мерки. Предвидена е **поддршка за млади претприемачи** преку обука, менторство и посебни фондови. Се планира воспоставување и воведување на:
    - **„Јавни простори и младински центри**: Спортски терени, културно-технолошки центри.
    - **Општинска стипендија**: За ученици со високи оценки, како мотивација за иднината“.

  Согласно програмата се предвидува и **вклученост на младите во донесувањето одлуки** преку **формирање на Совет на млади** во Општината, како и **формирање на Младински кариерен центар**, кој ќе ги поврзува младите со пазарот на труд и ќе организира Саем за кариера, на кој ќе учествуваат млади луѓе и потенцијални работодавачи.
- Во изборната програма на **кандидатот за градоначалник Даут Мемиши од Коалицијата Вреди**, предвидена е **посебна област млади** во која се вклучени младински мерки, но и мерки од областа култура, спорт и вработување. Како посебна мерка е предвидено

изградба **на мултифункционален младински центар во Теарце**, кој обезбедува простор за културни и социјални активности; ИТ курсеви, странски јазици и практична обука; Дигитални библиотеки и катчиња за истражување; Простор за соработка за млади луѓе кои работат онлајн или развиваат стартапи. Во рамки на **мерките за вработување и претприемништво** превидено *е стручно образование и обука, поддршка за младински стартапи, Платформа „Млади за Теарце".* Во рамките на **мерките за култура** предвидена е *поддршка на културни манифестации и вклучување на младите во културни настани, поддршка на уметнички групи како и простор за изложби и летно кино*. Во **делот спорт** се предвидени *мерки за реконструкција на спортски терени и поддршка на спортски клубови и општински лиги.*

## 3.4 Заклучоци и препораки

Анализата на вклучените ветувања, заложби, мерки за млади и младинско учество во изборните програми на кандидатите за градоначалници во десетте рурални општини покажува дека кандидатите ги перцепираат младите како посебна и важна целна група со свои специфични потреби и барања. Понудата пак која што може да се најде во изборните програми е различна и по квалитет и по опфат и се движи од јасни и добро осмислени младински проекти, до само декларативно спомнување на младите и нивната важност во општеството. Доминираат пристапи во изборните програми според кои се предлагаат голем број на мерки и активности, без да се направи подлабока анализа колку е реално истите да се реализираат во еден мандат и каков ефект ќе донесат тие мерки врз младите. Ваквото „натрупување" мерки во изборните програми може да предизвика и спротивен ефект кај младите. Имено, доколку не се остварат дадените ветувања т.е мерките и активностите спомнати во изборните програми, тогаш се ризикува младите да формираат мислење дека се манипулирани и дека се користат како декор во изборните програми.

Понатаму, од оваа анализа може да се заклучи дека политичките субјекти започнуваат да согледуваат и прашања кои се од посебна важност и се законски регулирани, како што е учеството на младите во демократските процеси во општината и воспоставувањето на младински тела преку кои се остварува тоа учество на локално ниво. Со тоа, кандидатите започнуваат да ги поврзуваат локалните со националните политики за млади како што е Националната Стратегија за млади и Законот за младинско учество и младински политики.

Иако во рамки на анализираните програми доминираат младите издвоени како посебна област или приоритет, сепак во содржината на оваа област сеуште се среќаваат проекти, предлози и идеи кои припаѓаат на други тематски области како што се култура, спорт, вработување и социјални прашања. Додека во делот на спортот доминираат проекти и идеи кои се претежно од инфраструктурна природа како што е реконструкција и изградба на спортски терени, спортски сали и игралишта, во делот на култура се поддржуваат иницијативи за културно изразување на младите, зајакнување на нивната свест за кутлура и уметност и поддршка на традиционални културни манифестации за млади. Во делот на вработувањето и претприемништвото се среќаваат претежно проекти кои се насочени кон обука и јакнење на вештините за вработливост на младите, поддршка на стартапи, воспоставување на младински инкубатори и младински хабови како и фондови за поддршка на младински идеи. Сите овие мерки се поврзани со обезбедување на значајни фондови за нивна имплементација, додека од друга страна капацитетот и финансиските можности на руралните општини да имплементираат вакви мерки се релативно ограничени.

Со цел понатаму да се подобри понудата на конкретни заложби, мерки и проекти за млади во изборните програми, како и во годишните програми на општините, а кои кои ќе имаат видлив и мерлив ефект врз младите, се препорачува:

- Да се продолжи практиката на издвојување на младите како посебна област во изборните програми на кандидатите за градоначалници, но и при трансфер на изборните ветувања на победничките кандидати во годишните програми на општините.
- Фокусирање на неколку суштински проекти во изборните програми кои ќе имаат вистински мерлив импакт врз младите, нивниот потенцијал, нивната вработливост, нивниот животен стандард и одлуката да останат во своето родно место.
- Да се направи разлика во рамки на тематските приоритети како што се култура, спорт, вработување и претприемништво на посебни мерки и проекти кои ќе имаат импакт врз младите.

# 4. Застапеност на животната средина и руралниот развој во изборните програми на кандидатите за градоначалници на рурални општини

## 4.1 Опфат на областа

Областа заштита на животната средина и рурален развој оваа анализа ја третира согласно законските дефиниции и поими. Имено, согласно дефиниците, поимите и начелата во рамки на Закон за животна средина[12] во анализата се опфатени заложби, мерки, активности и проекти кои имаат влијание врз:

- грижа за животната средина (т.е квалитетот на воздухот, водата, почвата)
- заштита на растенијата и животните и природните убавини и реткости
- воведување на обновливи извори на енергија
- унапредување на квалитетот на живот на населението во локалните средини, односно мерки за управување со отпадот, инфраструктрни мерки за одлагање на отпад и отпадни води, справување со загадувањето на локално ниво
- други мерки кои се однесуваат на почиста и поздрава животна средина

**Состојбата со животната средина[13] во руралните општини во Македонија е комплексна и исполнета со предизвици.** Руралните заедници се особено ранливи на климатските промени, каде екстремни настани како суши, поплави и доцни мразеви директно влијаат врз земјоделското производство и егзистенцијата на семејствата. Недостатокот на современи земјоделски практики и ограничените ресурси за адаптација ја засилуваат оваа ранливост, а истовремено инфраструктурата во многу рурални општини е застарена и недоволно развиена. Ова создава дополнителен притисок врз локалните економии и комунални услуги, кои често немаат капацитет да одговорат на последиците од климатските удари. Во овие средини се забележува и континуирана депопулација, бидејќи младите мигрираат кон урбаните центри или

[12] Закон за животна средина, Службен весник на РМ бр: 53/2005 и последователни измени

[13] Извештај за состојбата со животната средина со индикаторски пристап 2020, Министерство за животна средина и просторно планирање достапно на: https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/sostojba-na-zivotna-sredina-file-1gbQ.pdf

во странство во потрага по подобри економски можности. Со тоа се губи традиционалното знаење и практики во земјоделството, кои претставуваат важен дел од културното и економското наследство. Дополнително, високата стапка на невработеност и ограничените можности за пристојна заработувачка ја намалуваат мотивацијата за останување во руралните општини. Сумирано, состојбата со животната средина во рурална Македонија е обележана со комбинација од климатска ранливост, економска нестабилност и демографски промени, што бара интегрирани политики за одржлив развој, подобрување на инфраструктурата и поттикнување на младите да инвестираат во земјоделството.

Понатаму оваа област го опфаќа и **делот со рурален развој** како особено важен за руралните средини и во таа смисла потенцијалот кој руралните средини го имаат за проекти и активности од руралната сфера. Согласно законот за Земјоделство и рурален развој[14] во рамки на политиката за рурален развој се опфатени:

- зголемување на конкурентската способност на земјоделскиот и на шумарскиот сектор
- заштита и унапредување на животната средина и руралните предели
- подобрување на квалитетот на живот во руралните средини и поттикнување на диверзификација на економски активности за зголемување на можностите за вработување во руралните средини
- поттикнување на локален развој на рурални средини.

Во руралните средини постои добар потенцијал за развој на руралниот туризам, но тој сеуште е недоволно развиен (само 4% од вкупните сместувачки капацитети се наоѓаат во руралните области) . Скоро половина од територијата на државата има потенцијал за развој на атрактивни туристички производи. Природното и културно наследство како потенцијал за развој на руралниот туризам се препознаени од страна на единиците на локална самоуправа кои истиот го имаат наведено како една од целите во нивните стратегии за локален економски развој. Занаетчиството е исто така идентификувано како сектор кој има силен потенцијал за создавање на приходи и работни места, особено во поизолираните рурални области кои не се привлечни за другите бизниси. Сепак, соочен со индустриското производство, овој сектор стагнира во последните години и постои тенденција на изумирање на голем број од традиционалните занаети[15]. Во овој сегмент оваа анализа ги вклучи и мерките од областите рурален туризам и поддршка на културни манифестации како посредни мерки за рурален развој.

## 4.2 Општи наоди од анализата

Општиот наод од анализата на обезбедените изборни програми на кандидатите за градоначалници во целните рурални општини покажува дека **во сите програми животната средина е еден од приоритетите**. Во некои програми се користи термин екологија, но мерките повторно се насочени кон заштита на животната средина и справување со загадувањето. Нивото на деталност со кое се обработува животната средина и руралниот развој варира од **едноставно спомнување на терминот животна средина и екологија**, до **конкретни и детални мерки** и проекти во оваа област. Мерките за снабдување на вода за пиење, одводни системи, пречистетелните станици и чистење на речните корита остануваат доминантна понуда што

[14] Закон за земјоделство и рурален развој, Службен весник на РМ 49/2010 и последователни измени

[15] Национална стратегија за земјоделство и рурален развој 2021 – 2027, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

укажува на фактот дека во претходните мандати овие прашања не се решени. Потребна е подлабинска анализа за да се утврди зошто руралните општини не ги решиле основните прашања, па изборната понуда во 2025 се фокусира на повторно на истите. Мерките и активностите насочени кон заштита на животната средина и руралниот развој опфатени во изборните програми генерално можат да се групираат во следните категории:

- **Инфраструктурни мерки** како што се изградба на водоводни и канализациони системи, изградба на пречистителни станици, изградба на депонии
- **Мерки за управување со отпад** како што се чистење на диви депониии, редовно одлагање на отпадот од домаќинствата, системи за рециклирање на отпад, зголемен број комунални возила за одлагање на отпад и одржување хигиена, поставување контејнери
- **Мерки за користење алтернативни извори на енергија** како што се поставување на лед осветлувања по улиците, поставување на соларни панели на школите
- **Мерки за пошумување и зазеленување** како што е изградба на паркови, кампањи за садење на дрва и сл.

Во однос на **руралниот развој** тој **е, исто така, спомнат како посебен приоритет скоро во сите програми**. Помеѓу **мерките за рурален развој** главно можат да се сретнат мерки за заштита на историски знаменитости, мерки за изградба и обнова на објекти за туризам, поддршка на рурални манифестации, како и мерки за крирање работни места во руралниот туризам.

## 4.3 Осврт на суштински и посебно издвоени мерки и заложби

Преглед на посуштински мерки од областа животна средина и рурален развој како и преглед на застапеноста на областа по изборни програми е даден во продолжение:

**<u>Општина Сарај</u>**

- Во изборната програма на **кандидатот за градоначалник Мухамед Елмази од Коалицијата Вреди**, **има четири мерки кои преставуваат мерки од областа животна средина**. Имено планирано е *изградба на водоводи за сите населени места во Општина Сарај, отстранување на диви депонии, изградба на фотоволтаичен парк и гасификација на девет населени места. Во делот **рурален развој** предвидено е Рекреативен парк во Сарај и Глумово и туристички развој на Матка и езеро Треска.*
- Во изборната програма на **кандидатот за градоначалник Блерант Рамадани од НАИ**, може да се заклучи дека за секое населено место има клучни приоритети, а меѓу нив **значајно место заземаат мерките од животна средина** и рурален развој. Тие мерки вклучуваат *системи за водовод и канализација, фотоволтаични системи за обезбедување енергија, чистење на диви депони и пречистителна станица.* Во рамки на **мерките за рурален развој** предвидено е *уредување на патишта до викенд населби, уредување на плоштади и простори околу речните корита.*
- Во изборната програма на **независниот кандидат Ремзи Мамути** вклучена е **заложба за развој на туризмот во Сарај** без конкретни мерки и образложенија. (оваа кандидатура беше повлечена во текот на изборната кампања)

**<u>Општина Студеничани</u>**

- Во изборната програма **на кандидатот за градоначалник Седат Бислими од Коалицијата Вреди,** вклучена е **посебна точка Екологија и одржување на јавните простори** која се планира да се реализира преку *„решавање на проблемот со дивите*

*депонии, ангажман на општината за намалување на загадувањето на воздухот од депонијата „Дрисла“ преку инвестиции во модернизација, поставување филтри и уредување на зелени јавни површини“*(извадок од програмата). Исто така како дополнителни посебни точки се вклучени решавање на проблемите со канализацијата и обезбедување на вода за пиење за планинските села.

- Во изборната програма на **кандидатот за градоначалник Ејуп Абази од НАИ**, во мисијата и визијата поместени се заложби за чиста општина. Понатаму, предвидени се **проекти за водоснабдување** на населени места. Во **областа Животна средина** предвидено е *изградба на корита на реки потоци, чистење на диви депонии, проекти за изградба на канализација, чистење на отворени канали, иградба на пречистителни станици и нови зелени површини и садење на дрвја.* Во изборната програма вклучен е посебен дел **Локален економски развој, рурален и планински туризам** во кој се предвидуваат мерки за поддршка на семејствата кои сакаат да отворат локални бизниси, промоција на локални био производи, како и соработка со туристички агенции за вклучување на Општина Студеничани во мапата на туристички дестинации на Северна Македонија.

**<u>Општина Липково</u>**

- Во изборната програма на **кандидатот за градоначалник Неџмедин Садики од Коалицијата Вреди,** предвидена е посебна точка **Чиста животна средина и активна екологија** во која се планира реализација на *програми за водоснабдување, озеленување, управување со отпад и заштита на природата.*
- Во изборната програма на **кандидатот за градоначалник Еркан Арифи од НАИ**, **животната средина** е еден од приоритетите. Во рамки на овој приоритет вклучени се проекти за уредување и изградба на корита на реки и потоци во различни населени места, проекти за завршување со изградба на фекални канализации и проекти за водоснабдување и мерки за зелена и чиста животна средина. Во приоритетите има посебна точка **Рурален и планински туризам** во која се вклучени три мерки и тоа: *„изградба на викенд-куќи, хотелски комплекс во Белановце и инвестиции и одржување на туристичката зона „Кај борчињата“ над с. Слупчане.* “(извадок од програмата)

**<u>Општина Чешиново – Облешево</u>**

- Во изборната програма на **кандидатот за градоначалник Горанчо Крстев од Коалицијата за локални избори 2025 предводена од СДСМ**, во визијата на градоначалникот вклучени се заложби за чиста и уредена општина и вложувања во екологија. Исто така во програмата има посебен дел **Чиста и здрава животна средина** во која како посебни точки се наведени: *„беспрекорна комунална хигиена; чист воздух преку справување со изворите на загадувањето и расчистување на дивите депонии“* (извадок од програмата).

> *Во поглед на загадувањето, потребно е преземање конкретни мерки преку инспекциска контрола и санкционирање на загадувачите. Изработка на патна инфраструктура за велосипеди, тротинети и електрични возила на две тркала. Одржување неделни предавања на одредени теми во училиштата и градинките во кои граѓанскиот сектор или јавна институција ќе обработува една проблематика што ќе биде презентирана во секое училиште и градинка одделно, а дополнително и ќе се работи на развивање ЗЕЛЕНА УМЕТНОСТ (користење рециклирани материјали за уметнички дела). Воспоставување зелени патроли со цел за константно и континуирано одржување чисти зони.*
>
> ***Извадок од програмата на кандидатот за градоначалник Горанчо Крстев***

Во делот **капитални проекти** и проекти со влијание во секое населено место наведени се 5 проекти за изградба на канализации, изградба на системи за техничка вода, канализиации и чистење и бетонирање на селски канал.

Во однос на делот **со рурален развој** се предвидува изградба на бањолошки центар во селото Бања.

- Во изборната програма на **кандидатот за градоначалник Јорданче Костадинов од Коалицијата Твоја Македонија предводена од ВМРО-ДПМНЕ,** во делот приоритетни проекти предвидени се *проекти за изградба на системи за вода за пиење и канализација, и проект за чистење, реконструкција и одржување на одводен канал.* **Во делот Зелена, чиста и енергетски ефикасна општина** вклучени се *проекти со зелени мерки како што се пошумување, чистење, изградба на зелени површини и паркови, затворање на диви депонии, поставување контејнери, купување опрема за одлагање на отпад и заштита од пожари и сл.* Понатаму, во областа **Модерна општинска инфраструктура** предвидени се проекти за *изградба на водовод и канализација и изградба на пречистителна станица*. Во однос на **руралниот развој** предвидени се *проекти за изградба на пешачки и велосипедски патеки, летниковци и чешми, реставрирање и конзервирање на стари објекти, изградба на етно музеј, изградба на бањолошки центар во селото Бања, интегрирана туристичка мапа на општина Чешиново-Облешево, културно-информативен сервисен центар, како и поддршка на културни манифестации.*

<u>**Општина Новаци**</u>

- Во изборната програма на **кандидатот за градоначалник Љубе Кузманоски од Коалицијата за локални избори 2025 предводена од СДСМ,** во рамките на визијата вклучена е заложба за чиста животна средина Слично како и кај некои други кандидати за градоначалници од оваа коалиција здравата животна средина е еден од четирите клучни столба во чии рамки се вклучени три приоритети и тоа: беспрекорна комунална хигиена; чист воздух преку справување со изворите на загадувањето; и расчистување на дивите депонии[16].

[16] Овие три приоритети се повторуваат и понатаму во програмите на кандидатите на Коалицијата за локални избори 2025

Трите капитални проекти издвоени во програмата на овој кандидат за градоначалник се поврзани со областа животна средина и се однесуваат на изградба на пречистителна страница за фекални води, хидросистем за наводнување на земјоделски површини и систем за топлификација  во с. Новаци. Кандидатот за градоначалник е против изградбата на регионална депонија во Општина Новаци што беше горливо прашање и против кое протестираа граѓаните од Новаци, Битола и околните места[17]. Понатаму, во другите проекти наведени се *проекти за водоснабдување и за енергетска ефикасност* Понатаму во вкупно 20 населени места во општината предложени се проекти со влијание во секое населено место како што се *изградба на водоводи, одводи, канализации, резервоари за вода, паркови и зелени појаси, фотоволтаични системи на училишта и градинки и сл.* Во рамките на програмата предвидени се и **проекти од областа рурален развој** како што се *изградба на видиковци, пешачки патеки, партнерно уредување на просторот во сите населени места, поставување туристичка инфосмарт табла, изградба на сместувачки капацитети и реконструкција на објекти во сопственост на општината, изградба на локални патишта кои водат до цркви, манастири и локални културни знаменитости.*

> *ПРОТИВ изградба на регионална депонија во Новаци од 18 општини за која се залага и локалната и централната власт предводена од ВМРО-ДПМНЕ. РЕФЕРЕНДУМСКО изјаснување на жителите од Општина Новаци дали се ЗА и ПРОТИВ изградба на регионална депонија во с. Новаци. Зависно од исходот Изборна програма 2025-2029 Општина Новаци од референдумот, доколку жителите се изјаснат дека се ЗА изградба на регионална депонија, како локална власт ќе се избориме да се изгради фабрика за преработка на отпадот од затворен тип само за 9 општини од Пелагонискиот Регион и изградба на обиколен пат.*
>
> ***Извадок од програмата на кандидатот за градоначалник Љубе Кузманоски***

- Во изборната програма на **кандидатот за градоначалник Стевче Стевановски од Коалицијата Твоја Македонија предводена од ВМРО-ДПМНЕ,** во делот Визија се искажува заложба *„Новаци да стане пример за развој и одржливост – со модерна инфраструктура, почиста животна средина и нови можности за сите генерации“* (извадок од програмата). Понатаму помеѓу приоритетите како **четврт приоритет се наведува заштитата на животната средина.** Помеѓу приоритетните проекти наведено е *реконструкција и изградба на енергетски ефикасни системи на училиштата и градинките*. Во продолжение на програмата во **посебниот сегмент за екологија и здрава животна средина** наведени се повеќе проекти и тоа за енергетска ефикасност, зелени мерки за просторно уредување, едукација, проекти за рециклирање, енергетски

[17] Повеќе информации на страницата: https://www.facebook.com/p/%D0%9F%D1%80%D0%BE%D1%82%D0%B8%D0%B2-%D0%94%D0%B5%D0%BF%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B2%D0%BE-%D0%91%D0%B8%D1%82%D0%BE%D0%BB%D0%B0-61574045963051/

ефикасно јавно осветлување и програми за субвенции. Во другите области исто така има проекти кои се однесуваат на екологија и здрава животна средина. Такви се: „Зелена работилница„ за обновливи извори на енергија, „Урбана мобилност за сите„, „Велопатишта и зелени коридори„ и проектот „Паметно урбано планирање„ Исто така се наведуваат и проекти за изградба на канализации и мали пречистителни станици како и главна пречистителна станица во селото Новаци. Во програмата нема предвидени активности поврзани со иницијативата за изградба на регионална депонија во Новаци. Во однос на **руралниот развој** во рамки на програмата има проекти за развој на земјоделството преку поддршка на инвестиции во земјоделството, поддршка на млади земјоделци, земјоделски манфестации и агро саеми. Понатаму, проектите кои се сместени во делот **модерен и атрактивен локален туризам** вклучуваат проекти за изградба на пешачки туристички патеки, изградба на видиковци, мостови, изградба на културно-историски музеј во селото Градешница, изградба на зип линија, е - мапа на туристички дестинации, поддршка на културни манифестации, фестивал на култура и традиција, сместување во локални домаќинства, поддршка локални традиции и гастрономија.

> *Ќе се воведе систем за селекција и рециклирање на отпад и ќе се модернизира канализационата и водоводната мрежа, ќе се набави цистерна за чистење на септичките јами. Ќе се субвенционираат домаќинствата кои ќе инвестираат во соларни панели, во набавка на климатизери и ќе се продолжи процесот на гасификација. Општината ќе го надоградува веќе постоечкото LED осветлување и ќе поттикнува циркуларна економија.*
>
> ***Извадок од програмата на кандидатот за градоначалник Стевче Стевановски***

**Општина Василево**

- Во програмата на **кандидатот за градоначалник Славе Андонов од Коалицијата Твоја Македонија предводена од ВМРО-ДПМНЕ,** во **посебниот дел Зелена, чиста и енергетски ефикасна општина** опфатени се конкретни активности за екологија и заштита на животната средина како што се*: проекти за изградба на фекална канализација, изградба и чистење на речни корита и одводни канали, поставување фотоволтаични системи, проекти за реконструкција на водоводен систем, за чистење и дислокација на депонии и набавка на возила за чистење и одлагање на отпад.* Исто така во делот **приоритетни проекти** вклучени се проекти кои однесуваат на градење на системи за фекална канализација и филтер станица. Во делот **Поддршка и промоција на локалниот туризам** вклучени се *проекти за реконструкција на културни објекти, градење на спомен соба, и поставување табли, патокази и обележување на туристички патеки.* Програмата опфаќа исто така и *поддршка на мноштво културни манифестации кои може да привлечат туристи и да го зајакнат руралниот развој на општината.*
- Во програмата на **кандидатот за градоначалник Ванчо Новоселски од Коалицијата за локални избори 2025 предводена од СДСМ, приоритетен столб е и Чиста и здрава животна средина.** Понатаму во програмата има посебен осврт на клучните проекти во делот **Животна средина и просторно планирање** каде влегуваат:

*Ќе целиме кон намалување на загадувањето преку користење обновливи извори на енергија, со инсталирање на фотоволтаични системи на сите јавни општински објекти. Енергетски ефикасно јавно осветлување, субвенции за фотоволтаични панели, ќе се подигне свеста и едукацијата на граѓаните.*

***Извадок од програмата на кандидатот за градоначалник Ванчо Новоселски***

Одржување на јавната чистота, ред и мир како и санкционирање на лицата што ги прекршуваат прописите; Спречување диво градби и депонии; Граѓанска едукација; Примена на обновливи извори на енергија: фотоволтаици со батерии во јавните објекти; Енергетски ефикасно осветлување.

Исто така покрај овој приоритет има и дополнителен сегмент **Чиста и здрава животна средина** во кој се вклучени проекти за реконструкција на комуналната мрежа рециклирање на отпад, набавка на опрема и чистење на диви депонии. **Во капиталните проекти** предвидено е изградба на филтер станица и систем за фекална канализација во населени места во општината, додека **во останатите проекти** вклучени се реконструкција на филтер станица и пронаоѓање на нови извори на вода. Во рамки на општината спаѓаат и 15 населени места во кои се превидени **проекти со влијание во секое населено место**. Тука се вклучени проекти за изградба на канализации и вовдоводи, зелени мерки заозеленување на јавни површини, пречистителни станици и сл. Во областа **Рурален развој и земјоделие** се предвидуваат *„инфраструктурна и финансиска поддршка на агротуризмот и на проектите што се поврзани со преработка на примарните земјоделски производи и модернизација на патната инфраструктура за полесен пристап до нивите и отворање зелени пазари“* (извадок од програмата).

<u>**Општина  Центар Жупа**</u>

- Во програмата на **кандидатот за градоначалник Инает Баки од Партијата за движење на Турците во Македонија,** предвидени мерки во областа животна средина се *„поставување на современо LED улично осветелување, субвенции за инсталација на соларни панели, поставување на канализациски систем, изградба на систем за управување со отпад и купување на возила за одлагање отпад, поставување на подземни контејнери, изградба на објект за рециклирање и производство на енергија“* (извадок од програмата).  Исто така предвидена е **мерка за рурален развој** и тоа *„поддршка за изградба на бутик хотели, ресторани и продажба на органски призводи за рурален туризам“* (извадок од програмата).

<u>**Општина Долнени**</u>

- Во ветувањата на **независниот кандидат за градоначалник Суад Адиловиќ,** вклучено е ветување за *ново и безбедно водоснабдување, решавање на проблемите со канализационите системи и подобрување на комуналните услуги и одржување на чиста животна средина- ефективно собирање на отпад и одржување јавна чистота.*
- Во изборната програма на **кандидатот за градоначалник Блерим Ислјами од Коалицијата Вреди,** вклучени се ветувања за **снабдување со вода за пиење** преку поврзување на сите населени места со регионалниот водовод „Студенчица“ и **отворање на бунари** во поголемите населени места како алтернативно снабдување; **изградба и проширување на канализационата инфраструктура.** . Исто  така вклучено е и ветување за **управување со отпад.**

- Во изборната програма на **кандидатот за градоначалник Фљамур Ѓолека од НАИ**, има посебна **Програма за екологија и рурален развој**. Во точката 1 од програмата **Заштита на животната средина и екологија** вклучени се повеќе **активности за управување со отпад** меѓу кои има ***проекти за собирање и рециклирање на отпад и едукација на населението како и*** *програма за чистење на реките, планините и јавните површини.* Програмата понатаму превидува **зачувување на шумите и биодиверзитетот**, како и поттикнувања за користење **зелена енергија** преку соларни системи за домаќинствата и претпријатијата поддршка за земјоделците да користат одржливи технологии. Исто така се планира и основање на *Општински совет за животна средина и рурален развој*, како и активности со училиштата, едукација за учениците, ден за чистење на општината, поддршка на невладини организации кои работат во областа животна средина. Во однос на **руралниот развој и земјоделството** се планираат **субвенции** за современа земјоделска механизација и паметни системи за наводнување и **обука за земјоделците** за нови земјоделски технологии и органско производство, вклучување на селата во канализациона мрежа и системи за водоснабдување. Исто така се планира и **поттикнување на локалното производство**, создавање на локални пазари и брендирање на локалните производи означени како „Made in Dollnen“ или „Производ на нашата општина“. Во однос на **развојот на агротуризмот** се планира *поддршка за изградба на традиционални куќи и рурални туристички дестинации и промовирање на локалната култура, кујна и природа.*

> *Мотото на програмата:*
> *„Чиста средина - живо село - здрав живот за сите“.*
> ***Извадок од програмата на кандидатот за градоначалник Фљамур Ѓолека***

- Во изборната програма на **кандидатот за градоначалник Исуф Синани од Коалицијата за локални избори 2025 предводена од СДСМ**, има посебен сегмент **Чиста и здрава животна средина** во кој се наведени мерки како што се *чистење на постојни диви депонии и мерки за чистење и рециклирање на отпад.* Во општината има вкупно 26 населени места, а помеѓу проектите со влијание во сите населени места има проекти за изградба на фекална канализација, реконструкција на водоводни системи и чистење на одводни канали.
- Во изборната програма на **кандидатот за градоначалник Сашко Велјаноски од Коалицијата Твоја Македонија предводена од ВМРО-ДПМНЕ,** во делот **Зелена, чиста и енергетски ефикасна општина** предвидени се два проекти:
    - Чистење на дивите депонии и речните корита;
    - Оградување на општинската депонија.

  Во делот **Модерна општинска инфраструктура** се предвидуваат проекти за изградба на канализации како и системи за водоснабдување и проекти за чистење и реконструкција на одводни канали. Во однос на **руралниот развој** во делот Поддршка и промоција на локалниот туризам предвидена е *изградба на излетничко место*, а исто така се планира и *поддршка на културни настани*.

**<u>Општина Врапчиште</u>**

- Во изборната програма на **кандидатот за градоначалник Мехмет Сефери од Коалицијата Вреди**, како една од седумте приоритетни точки е инфраструктурата, а таму се вклучени проекти како што се **снабдување со питка вода, канализациона мрежа и изградба на филтер-станица за прочистување на отпадните води**. Понатаму има посебна точка за **промоција на туризмот и културното наследство** како заложба за рурален развој.
- Во изборната програма на **кандидатот за градоначалник Исен Шабани од НАИ**, има посебна **заложба за чиста и здрава животна средина** преку *борба со дивите депонии, превенција на пожари, пошумување на подрачјата погодени од пожари, зазеленување на селата.* Исто така планирано е и изградба односно доградба на водоводни системи. Во однос на **руралниот развој и руралниот туризам** предвидени се мерки за афирмирање на природните убавини на општина Врапчиште *и искористување на сите можности за воведување во регионалните и светските туристички карти на природните убавини како што се Црно езеро, Бело езеро, Мала враца и Голема враца.*

**<u>Општина Теарце</u>**

- Во изборната програма на **кандидатот за градоначалник Назим Таипи од НАИ,** залагањата за чиста животна средина се вклучени уште во визијата. Има посебен дел во програмата Заштита на животната средина – Екологија кој се базира на **три столбови и тоа: контрола на загадувањето, зелен транспорт и одржлива мобилност и вклучување на граѓаните во заштитата на животната средина**. Контролата на загадувањето се планира преку *станици за следење на квалитетот на воздух, субвенции за премин кон енергетски ефикасни горива во домаќинствата како и казни и следење на обврските на загадувачите за усогласување со еколошките стандарди.* Во однос на зелениот транспорт се планира *воведување повеќе автобуски линии, обновување на општинскиот парк со повеќе електрични и хибридни возила и полначи за автомобили.* Вклучувањето пак на граѓаните во заштитата на животната средина се планира преку *воспоставување онлајн платформа за известување за загадувањето и јавни консултации*. Во однос на проектите кои се планирани во делот на инфраструктурата вклучени се мерки за изградба на канализациски системи (во 3 места), интервенции во водоводната мрежа и изградба на водоводни системи (во 6 населени места), како и мерки за чистење на речни корита и канали ( во 4 населени места) и чистење на депонии (во 2 места). Во однос на **руралниот развој** се планира мерка **Локален агротуризам и туризам преку поддршка за гостилници, традиционални куќи и саеми за локални производи**.
- Во изборната програма **на кандидатот за градоначалник Даут Мемиши од Коалицијата Вреди,** во делот **Животна средина** наведени се повеќе мерки како што е *редовно чистење, поставување контејнери, заеднички акции со училишта за чистење, изградба на паркови и зелени површини, поставување на мерки за собирање, селекција и рециклирање на отпад, кампањи,* Исто така во инфраструктурата се планира *монтажа на LED светилки на улица и населба и интелигентни системи со сензори за движење и тајмери за заштеда на енергија*. Понатаму предвидено е изградба на канализациона мрежа, модернизација на водоснабдување, пречистителна станица, ревитализација на секундарен систем на наводнување и користење на нови методи на наводнување со цел заштеда на вода (капка по капка). Во однос на **руралниот развој,**

предвидено е развој на планинскиот туризам преку *обележување на пешачки патеки, поддршка на фестивал на планински туризам, реставрација и промоција на објекти од културното наследство, занаетчиски работилници како и спортски активности во летен и зимски период.*

## 4.4 Заклучоци и препораки

Може да се констатира дека на овие локални избори животната средина доминира како приоритет во програмите на кандидатите за градоначалници. Иако е тоа така, сепак значаен дел мерки се насочени кон решавање на инфраструктурни проблеми кои се посебно изразени токму во руралните места. Ова се базични потреби, но точно е дека без задоволување на потребите на ова ниво тешко може да се очекуваат развојни мерки за здрава животна средина. Во некои програми вклучени се и развојни мерки како што се проекти за трансфер кон енергетски ефикасни извори на енергија, мерки за заштеда на енергија и зачувување на природните богатства, како и проекти и мерки за управување со отпад кои вклучуваат не само рециклирање туку и изградба на современи станици за преработка на отпад. Во делот на руралниот развој има застапеност претежно на мерки и проекти од областа на туризмот, рекреацијата, културата и културните манифестации. Многу ретко во овој сегмент се среќаваат економски решенија и мерки за развој на малите бизниси во руралните средини и земјоделските стопанства.

Со цел понатаму да се подобри понудата на конкретни заложби, мерки и проекти за заштита на животната средина и руралниот развој во изборните програми, како и во годишните програми на општините, се препорачува да се вклучат мерки и проекти кои ќе имаат развоен елемент, при што:

- Потребно е да се направи посуштинска и меѓусекторска анализа и поврзување на локалните со националните еколошки политики, заради поцелисходно користење на еветуални фондови кои се на располагање со цел подобрување на состојбите во екологијата и во локалниот економски развој.
- Да се вклучат мерки и активности за проценки, физибилити студии и изработка на техничка документација за развојни проекти во областа на екологијата и руралниот развој за да се утврди користа од одредени проекти и мерки и ефектот што ќе го има врз животната средина и развојот на локално ниво.
- Да се понудат повеќе мерки кои ќе ги активираат граѓаните и нивното учество во демократските процеси и заедниците, како носители и актери во заштитата на животната средина, а не само како пасивни приматели на обуки, едукација и субвенции.

**Користена литература**


1. Изборни програми на кандидатите за градоначалници од Коалицијата Твоја Македонија предводена од ВМРО – ДПМНЕ во целните општини опфатени со анализата објавени на: https://vmro-dpmne.org.mk/programa
2. Изборни програми на кандидатите за градоначалници од Коалицијата за локални избори 2025 предводена од СДСМ во целните општини опфатени со анализата објавени на: https://zanashiotdom.mk/
3. „7 причини за гласање на број 7„- програми на кандидатите за градоначалници во целните општини од Коалицијата Вреди (Мухамед Елмази, Седат Бислими, Неџмедин Садики, Блерим Ислјами, Мехмет Сефери, Даут Мемиши)
4. Изборни програми од кандидатите на Националната Алијанса за Интеграција во целните општини достапни во видео и пишана форма (Блерант Рамадани, Ејуп Абази, Еркан Арифи, Фламур Ѓолека, Исен Шабани, Назим Таипи)
5. Изборна програма на кандидатот Инает Баки на Партија за движење на Турците во Македонија
6. Изборни ветувања од независниот кандидат Абдула Бајрамоски
7. Изборни ветувања од независниот кандидат Суад Адиловиќ
8. Изборни ветувања од независниот кандидат Ремзи Мамути
9. Видео материјали, постови на социјални медиуми и интервјуа на кандидати на локалните избори 2025 во целните општини опфатени со анализата
10. Закон за еднакви можности на мажите и жените, пречистен текст достапен на: https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/zakoni/2017/precisten%20tekst%202015%20na%20ZEM_nov.pdf
11. Законот за младинско учество и младински политики, (Службен весник на СРМ бр.10/2020)
12. Закон за животна средина (Службен весник на РМ бр: 53/2005 и последователни измени)
13. Закон за земјоделство и рурален развој (Службен весник на РМ 49/2010 и последователни измени)
14. Мониторинг извештај за имплементација на Законот за младинско учество и младински политики за 2023 г. Национален младински совет, 2024 г. достапно на: https://www.nms.org.mk/wp-content/uploads/2025/08/NMSM-Monitoring-Izvestaj_MK_02_kor.pdf
15. Национална стратегија за земјоделство и рурален развој 2021 – 2027, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
16. „Животот во нашите села – предизвици и можности„Здружение за рурален развој Локална Акциона Група АГРО ЛИДЕР Кривогаштани, автор: Марина Тошеска
17. Мониторинг на примената на законот за еднакви можности на жените и мажите во рамките на локалната самоуправа, Акција Здруженска, достапно на: https://zdruzenska.org.mk/wp-content/uploads/2010/01/Monitoringot-na-primenata-na-Zakonot-za-ednakvi-mozhnosti-na-zhenite-i-mazhite-vo-ramkite-na-lokalnata-samouprava-vo-Republika-Makedonija.pdf
18. Анализа „Парламентарни и претседателски избори 2024„ Меѓународна фондација за изборни системи
19. Извештај за состојбата со животната средина со индикаторски пристап 2020, Министерство за животна средина и просторно планирање достапно на: https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/sostojba-na-zivotna-sredina-file-1gbQ.pdf
20. Анализа на специфични младински потреби и проблеми во рурална Пелагонија, Здружение на граѓани за унапредување на развојните процеси Про Локал Битола

## Прилог 1 – Прегл‌д на кандидати за градоначалници во целните општини

| ИЕ | Општина | Партија/Коалиција/Група | Тип | Име и презиме на кандидат |
|---|---|---|---|---|
| ИЕ 1 | Сарај | Коалиција ВЛЕН | Коалиција | 1. МУХАМЕТ ЕЛМАЗИ |
| | Сарај | Група Избирачи | Група избирачи | 2. РЕМЗИ МАМУТИ |
| | Сарај | ДЕМОКРАТИ | Политичка партија | 3. ТЕНЗИ БЕЛУЛИ |
| | Сарај | Национална Алијанса за Интеграција - НАИ | Коалиција | 4. БЛЕРАНТ РАМАДАНИ |
| | Студеничани | Група Избирачи | Група избирачи | 5. АЗЕМ САДИКИ |
| | Студеничани | Коалиција ВЛЕН | Коалиција | 6. СЕДАТ БИСЛИМИ |
| | Студеничани | Национална Алијанса за Интеграција - НАИ | Коалиција | 7. ЕЈУП АБАЗИ |
| ИЕ 2 | Липково | Коалиција ВЛЕН | Коалиција | 8. НЕЏМЕДИН САДИКИ |
| | Липково | Национална Алијанса за Интеграција - НАИ | Коалиција | 9. ЕРКАН АРИФИ |
| ИЕ 3 | ЧЕШИНОВО - ОБЛЕШЕВО | Група избирачи | Група избирачи | 10. САНЕ ЈОВАНОВ |
| | ЧЕШИНОВО - ОБЛЕШЕВО | „Коалиција за Локални избори 2025 година“ предводена од СДСМ | Коалиција | 11. ГОРАНЧО КРСТЕВ |
| | ЧЕШИНОВО - ОБЛЕШЕВО | Коалиција „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“ предводена од ВМРО- ДПМНЕ | Коалиција | 12. ЈОРДАНЧЕ КОСТАДИНОВ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ИЕ 4 | Новаци | МАКЕДОНСКА ЕРА ТРЕТА / МАКЕДОНСКИ НЕЗАВИСНИ ЛИСТИ - СУВЕРЕНИСТИ | Политичка партија | 13. ПЕЦО МИЦЕВСКИ |
| | Новаци | Група Избирачи | Група избирачи | 14. ЛУПЧО СТОЈАНОВСКИ |
| | Новаци | „Коалиција за Локални избори 2025 година“ предводена од СДСМ | Коалиција | 15. 1ЉУБЕ КУЗМАНОСКИ |
| | Новаци | ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ДЕМОКРАТИ СКОПЈЕ | Политичка партија | 16. ВАСКО НАУМОВСКИ |
| | Новаци | Група Избирачи | Група избирачи | 17. ГОРАН ТАЛЕВСКИ |
| | Новаци | Коалиција „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“ предводена од ВМРО- ДПМНЕ | Коалиција | 18. СТЕВЧЕ СТЕВАНОВСКИ |
| | Василево | Коалиција „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“ предводена од ВМРО- ДПМНЕ | Коалиција | 19. СЛАВЕ АНДОНОВ |
| | Василево | „Коалиција за Локални избори 2025 година“ предводена од СДСМ | Коалиција | 20. ВАНЧО НОВОСЕЛСКИ |
| ИЕ 5 | Центар Жупа | Партија за Движење на Турците во Македонија | Политичка партија | 21. ИНАЕТ БАКИ |
| | Центар Жупа | Движење на Национално Единство На Турците ДНЕТ | Политичка партија | 22. АЛИЛ ЕМРУЛА |
| | Центар Жупа | Демократска Партија на Турците на Македонија | Политичка партија | 23. АРИЈАН ИБРАИМ |
| | Долнени | Група Избирачи | Група избирачи | 24. АБДУЛА БАЈРАМОСКИ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Долнени | Група Избирачи | Група избирачи | 25. СУАД АДИЛОВИЌ |
| | Долнени | КОАЛИЦИЈА ВЛЕН | Коалиција | 26. БЛЕРИМ ИСЛЈАМИ |
| | Долнени | Движење на Национално Единство На Турците ДНЕТ | Политичка партија | 27. РАМАДАН ДУРМОСКИ |
| | Долнени | „Коалиција за Локални избори 2025 година“ предводена од СДСМ | Коалиција | 28. ИСУФ СИНАНИ |
| | Долнени | Национална Алијанса за Интеграција - НАИ | Коалиција | 29. ФЛЈАМУР ЃОЛЕКА |
| | Долнени | Коалиција „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“предводена од ВМРО- ДПМНЕ | Коалиција | 30. САШКО ВЕЛЈАНОСКИ |
| ИЕ 6 | Врапчиште | Коалиција ВЛЕН | Коалиција | 31. МЕХМЕТ СЕФЕРИ |
| | Врапчиште | Национална Алијанса за Интеграција - НАИ | Коалиција | 32. ИСЕН ШАБАНИ |
| | Теарце | Национална Алијанса за Интеграција - НАИ | Коалиција | 33. НАЗИМ ТАИПИ |
| | Теарце | Коалиција ВЛЕН | Коалиција | 34. ДАУТ МЕМИШИ |

## Прилог 2 – Називи  и кратенки на политичките субјекти

1. Коалиција Твоја Македонија предводена од ВМРО– Демократска Партија за Македонско Национално Единство - Коалиција Твоја Македонија предводена од ВМРО-ДПМНЕ
2. Коалиција за локални избори 2025 предводена од Социјалдемократски сојуз на Македонија – Коалиција за локални избори 2025 предводена од СДСМ
3. Национална Алијанса за Интеграција – НАИ
4. Партија за движење на Турците во Македонија
5. Коалиција Вреди